UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL



YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6

VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* ....................................................**3**

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
..................................................................................................................................**13**

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* .............................................................................................**35**

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ..........................................................................................**47**

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификациа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ..........................................................................................**57**

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ..........................................................................**63**

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* ..................**71**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*...............................................**87**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ...............................................................**93**

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост* ...................................**101**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* ........................................**119**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**

**УДК: 314.15.044:331.101.262(4-672EU:497.7)”2017/2019”**

# СЛОБОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНАТА СИЛА – ПРЕДИЗВИК НА ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Овој труд го обработува и анализира правото на слободно движење на работниците во рамките на Европската Унија, но и општо работната миграција во Европа.

Посебен акцент е ставен на правните основи и актите на Европската Унија како што се Договорот за основање на Европската економска заедница; Европската социјална повелба и Амстердамскиот договор, кои меѓу другото се однесуваат и на слободното движење на работниците, како едно од четирите слободи кои ги уживаат граѓаните на Европската Унија. Од слободното движење на работниците произлегува правото на престој на работниците, право на влез и престој на нивните членови на семејството, како и право да работат во друга земја-членка и да се третираат подеднакво како и државјаните на таа земја-членка.

Во трудот се прикажани и правата и обврските кои Република Македонија ги има преземено во однос на слободното движење на работниците, со цел усогласување на националното право со правото на Европската Унија кое е клучно во процесот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија.

**Клучни зборови:** *„четирите слободи*“, *Договорот за асоцијација и стабилизација меѓу Ррепублика Македонија и* Европската Унија, Националната програма (НПАА), Извештај за напредокот на Македонија за 2018 година.

**PAVLOVSKI Marjan**

**UDK: 314.15.044:331.101.262(4-672EU:497.7)”2017/2019”**

# FREEDOM OF MOVEMENT OF WORKERS – CHALENGE OF THE LEGISLATION OF THE EUROPEAN UNION AND REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract:** This paper provides analysis of the right of free movement of the workers within the European Union, as well as the general labor migration in Europe.

Special emphasis is placed on the legal framework and acts of the European Union such as the Treaty establishing the European Economic Community; The European Social Charter and the Amsterdam Treaty, which among other, refear to the free movement of the workers, as one of the four freedoms enjoyed by the European Union citizens. The free movement is basis for the right of residence of the workers, the right of entrance and residence of their family members, as well as the right of work in any member-state and right of equall treatment just like the nationals of that member-state.

This paper also contains the rights and obligations, which have been undertaken by Republic of Macedonia in relation to the free movement of the workers, with aim of harmonization of the national legislative to the legislative of the European Union, which is crucial for the process of integration of Republic of Macedonia to the European Union.

**Key words :** *"four freedoms", the Stabilization and Association Agreement, the National Program for the Adoption of the Acquis of the EU, European Commission Progress Report on Macedonia for 2018.*

**Вовед**

Правната основа која го овозможува слободното движење на работната сила во Европската Унија е содржано во повеќе акти, меѓу кои по својата значајност се издвојуваат: Договорот за основање на Европската економска заедница, Европската социјална повелба и Амстердамскиот договор. Во рамките на Европската Унија во поново време донесени се повеќе документи, односно правни акти (директиви, конвенции, уредби, препораки и сл.), кои се однесуваат на слободното движење на работниците во Европската Унија.

Република Македонија влече права и обврски во врска со овозможувањето на слободата на движење на економските фактори во рамките на Европската Унија преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија. Истата опфаќа поглавје кое е посветено на слободното движење на работниците, давањето услуги и движењето на капиталот помеѓу Република Македонија и Европската Унија. Со Спогодбата исто така се регулирани правилата за координација на системите на социјална сигурност.

Владата на РМ преку Секретарјатот за европски прашања изготвува *Национална програма за усвојувањето на правото на Европската Унија (НПАА)* ги поставува краткорочните и среднорочните приоритети во усвојувањето и воспоставувањето на правото на Европската Унија во Република Македонија. Во едно од поглавјата на НПАА (2017-2019) е опфатено и слободното движење на работници, како едно од основните начела во правото на Европската Унија.

## 1. Миграцијата на работната сила во глобализираниот свет – трендови во светот и Европа

Светот се трансформира од процесот на глобализација. Новите технологии овозможија капиталот, добрата и услугите да се движат многу бргу од една земја во друга. Работната миграција зависи од демографскиот дефицит на земјите кои се дестинации за мигрантите. Факт е дека постои разлика во просечната старост на населението во поразвиените земји од таа кај помалку развиените, со тоа што кај последниве се забележува многу помлада популација. Овој процес на стареење на населението е најизраен во Европа. Ако продолжат постоечките трендови, популацијата на Италија, се смета дека опадне за 22% помеѓу 2000 и 2050 година, на Латвија за 44%, на Естонија за 52%. Комбинацијата на низок прираст и зголемен век на живот во Европа ќе доведе до раст на популацијата што е над 65 години од 15% на 28% помеѓу 2000 и 2050 година.[1]

Европската Комисија демографските промени, ги истакнува токму овие трендови за Европската Унија: постојано зголемување на животниот век, постојан раст на популацијата над 60 години, континуирано ниски стапки на раѓање, негативна стапка на прираст, зголемување на бројот на постарите работници и на растечката демографска зависност.[2]

„Големата четворка": Франција, Германија, Италија и Велика Британија – опфаќаат две третини од вкупното население на Европската Унија и 88% од имигрантите

[1] http://www.un.org/esa/population/publications/pop_challenges/Population_Challenges.pdf.
[2] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52005DC0669.

во ЕУ. За да ги „спасат“ системите за социјално осигурување, овие земји ќе мора да ја зголемат годишно имиграцијата на речиси 9 милиони луѓе.[3]

## 2. Акти на Европската Унија

Правната основа која го овозможува слободното движење на работната сила во Европската Унија е содржано во повеќе акти, меѓу кои по својата значајност би ги издвоиле:

- Договорот за основање на Европската економска заедница;
- Европската социјална повелба и
- Амстердамскиот договор.

Во рамките на Европската Унија во поново време донесени се правни акти (директиви, конвенции, уредби, препораки и сл.) во кои се утврдени голем број на норми, односно правила и меѓународни стандарди кои имаат директни допирни точки со законодавството од областа на трудот. [4]

### 2.1. Договорот за основање на Европската економска заедница

Меѓу европските извори на трудовото право, мошне значаен е и *Договорот од Рим* од 1957 година со кој се формираше *Европската економска заедница (ЕЕЗ)* со кој беше воспоставен и Заедничкиот пазар. *Заедничкиот пазар* требало да обезбеди услови според кои луѓето, стоките и услугите меѓу државите-членки слободно би можеле да кружат, без гранични контроли и плаќање царински давачки едни на други слично како една држава. Оттука, создавањето на заедничкиот пазар не претставува само либерализација на трговијата, туку и слободно движење на факторите на производство: работаната сила, капиталот, стоките и услугите – т.н. *„четири основни слободи“.*

*Членот 39* од Договорот за основање на ЕЕЗ, помеѓу другото го предвидува следново:

- Се осигурува слобода на движење на работниците во рамките на Заедницата.
- Таквата слобода на движење подразбира укинување каква било дискриминација врз основа на националност меѓу работниците од земјите што се членки во поглед на вработувањето, надоместокот и другите услови на работа и на вработување.
- Подразбира и право на јавно осигурување или јавно здравство во зависност од ограничувањата што се оправдуваат врз основа на јавна политика.

Европскиот суд на правдата му дава многу големо значење на принципот на недискриминација и слободата за движење и го толкува членот 39 како рамка што оди подалеку од обичната директна и индиректна дискриминација и во своите одлуки решава дека истиот се однесува на било каква пречка што го спречува слободното движење на работниците. Судот сметал дека членот 39 ќе се примени дури и во случаи кога работата се вршела надвор од границите на Заедницата, сè додека правната врска во однос на вработувањето се случила во рамките на заедницата (случајот Walrave-Koch)[5]

### 2.2. Европската социјална повелба

[3] International Labour Organisation (ILO), *International labour migration - A rights based approach,* Geneva, International Labour Office, 2010, 22.
[4] д-р Мајхошев, А. и д-р Беловски, (2012) В. *Трудово право-Авторизирани предавања*, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 38.
[5] Крег, П. и Де Бурка, (2010) Г. *Право на ЕУ-текстови, случаи и материјали*, Магор , Скопје, 744.

Цел на социјалната повелба на Советот на Европа, е заштита на основните социјални права, пред сè правата на работа, правото на колективно договарање, правото на социјално осигурување, како и низа други социјални и економски права. Меѓу нив посебно значење имаат правата кои ја уредуваат положбата на странските работници, како, на пример, правото на работа на територијата на земјите кои се договараат и правото на заштита на работниците мигранти и на членовите на нивните семејства.[6]

*Европската социјална повелба* стапи во сила во 1965 година. Повелбата двапати е ревидирана во 1988 и 1996 година. Државјаните на една од Страните-договорнички имаат право на територијата на друга Страна-договорничка да вршат доходовни дејности на рамноправна основа со државјаните на последната, со ограничувања засновани на сериозни причини од економски или социјален карактер.[7]

Но, од особено значење за правата на мигрантите е *членот 19 од Повелбата - Право на работниците мигранти и нивните семејства на заштита и помош*.[8]

### 2. 3. Договорот од Амстердам

Во Мастрихт 1992 година, потпишан е *Договорот за Европската Унија*. Унијата беше создадена од Европските заедници и дополнета со нови политики и форми на соработка. Со овој Договор се воведе концептот на „европско граѓанство" со што начелото на слободно движење припаѓа на секој граѓанин на Унијата.[9]

*Шенгенскиот договор*, кој стапи во сила во 1995 година, овозможи *слободно движење на луѓе и укинување на граничните премини* во рамките на територијата на земјата-потписник и стана составен дел на правото на ЕУ, која доби надлежност во областа на имиграцијата, контролата на надворешните граници на Шенген зоната и одобрување визи и азил на државјани на други земји.[10]

На средбата во 1997 година во Амстердам претседателите на држави и влади на петнаесетте држави членки на Европската Унија го ревидираа Договорот од Мастрихт. Со Договорот од Амстердам, е постигнат значителен институционален и функционален напредок во процесот на европската интеграција, исклучително силно изразен во остварувањето на граѓанските права и правото на вработување и обезбедување слобода на движење на лицата.[11]

## 3. Одредбите за слободното движење на работници во Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Р. Македонија и Европската Унија

Република Македонија е првата земја која потпиша *Спогодба за стабилизација и асоцијација* (ССА). Потпишана е 2001 година во Луксембург и по нејзината ратификација, стапи во сила на 1 април 2004 година. ССА обезбедува рамка за политички дијалог и ја зајакнува регионалната соработка, го унапредува проширувањето на пазарите и економските односи помеѓу страните и ги воспоставува основите за техничка и финансиска помош.[12]

---

[6] д-р Беличанец , Т. и д-р Старова, (1996) Г. *Трудово право* , Правен факултет – Скопје, стр.144,145

[7] Европска Социјална Повелба, (1961), Торино, чл. 18.

[8] Evropska socijalna povelja (1996)- revidirana, Salzburg, 1996, https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168047e017.

[9] д-р Лубарда, Б. (2004), Европско радно право проф., ЦИД Подгорица, стр. 179.

[10] http://evropskikutak.me/evropska-unija/istorijat-eu.

[11] д-р Сотироски, Љ. (2011) *Вовед во правото на Европската Унија*, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, 26.

[12] www.sep.gov.mk

Во глава V од Спогодбата е опфатено *слободното движење на работници*, давањето услуги и движењето на капиталот помеѓу Република Македонија и Европската Унија. А во членот 44 од Глава V, Поглавје 1 (Движење на работници) на ССА, помеѓу другото е регулирано следново:

- „Работниците кои се државјани на Република Македонија и кои се законски вработени на територија на земја-членка, ќе бидат ослободени од секаква дискриминација по национална основа, а што се однесува до работните услови, надоместоците или отпуштањето, со нив ќе се постапува како со своите државјани;
- Сопругот/сопругата или децата на работникот кој е законски вработен на територија на земја-членка кои легално престојуваат, со исклучок на сезонските работници, ќе имаат слободен пристап до пазарот на работна сила на таа земја-членка, за периодот колку што е одобрено вработувањето на работникот.[13]

Понатаму, со членот 46 од ССА се регулирани *правилата за координација на системите на социјална сигурност*.

## 4. Спогодбите меѓу Република Македонија и Европската заедница за либерализација на визниот режим и реадмисија

*Спогодбата меѓу Република Македонија на ЕЗ за либерализација на визниот режим* беше ратификувана во 2007 година, *а* влезе на сила 2008 година. Со Спогодбата се поедноставуваат постапките за издавање визи на одредени категории на граѓани на Република Македонија, вклучено студенти, научници, деловни луѓе и новинари. Според условите од оваа Спогодба, граѓаните на Република Македонија плаќаат пониска цена за визите или истите ги добиваат бесплатно.[14] Со Спогодбата за реадмисија се утврдуваат обврските и постапките на органите на Република Македонија и на земјите-членки на Европската Унија кога и како да ги враќаат луѓето кои нелегално престојуваат на нивните територии.[15]

Согласно со одлуката на Европската Унија за либерализација на визниот режим со Република Македонија донесена 2009 година, на македонските државјани им се овозможува безвизен влез и престој до 90 дена, во период до шест месеци во земјите-потписнички на Шенгенскиот договор. За престој подолг од 90 дена е потребно државјаните на Република Македонија да аплицираат за долгорочна виза или за дозвола за престој.[16]

## 5. Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и одредбите за слободно движење на работници

Владата на Република Македонија преку Секретарјатот за европски прашања изготвува *Национална програма за усвојувањето на правото на Европската Унија (НПАА)* во која ги поставува краткорочните и среднорочните приоритети во

[13] *Закон за ратификација на Спогодбата за асоцијација и стабилизација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки*, Службен весник на РМ, бр. 28/2001.

[14] *Спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за олеснување на издавањето визи*, ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница за олеснување на издавањето визи, Службен весник на РМ бр. 141/2007.

[15] *Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица кои престојуваат без дозвола*, склучена во Брисел на 18 септември 2007 година, ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица кои престојуваат без дозвола, Службен весник на РМ, бр. 141/2007.

[16] http://www.mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=214:patuvanje-vo-sengen-zona&catid=48:informacii-za-viza&Itemid=431&lang=mk.

усвојувањето и  воспоставувањето на правото на Европската Унија во Република Македонија. Во едно од поглавјата на НПАА (2017-2019) е опфатено и слободното движење на работници, како едно од основните начела во правото на Европската Унија. Министерството за труд и социјална политика е директно надлежно за две поглавја и тоа за Поглавјето *3.02.- Слободно движење на работници и Поглавјето 3.19. - Социјална политика и вработување.*

Во Националната програма (2017-2019) е утврдено дека ќе се продолжи со следење на релевантното законодавство во областа на ЕУРЕС со цел усогласување со националното законодавство и дека земјата ќе продолжи со преговори за склучување договори за социјално осигурување со неколку земји членки на Европската Унија, какои и со други земји.[17]

Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) претставува клучен документ за процесот на интеграција на Република Македонија во Европската Унија, којшто ја одразува динамиката на усогласувањето на националното законодавство со правото на Европската Унија и јакнењето на административните капацитети. Идните активности Република Македонија ќе се насочат кон воспоставување на електронски систем преку кој ќе се проследуваат барањата за дозволи за работа на странци и целосно усогласување со Директива 2011/98/ЕУ на Европскиот парламент за единствена постапка.

## 6. Констатациите на Европската комисија во однос на напредокот на Македонија во областа на слободното движење на работниците

Покрај горенаведените програмски приоритети во однос на спроведувањето на Европската регулатива во однос на слободното движење на работниците, вреди да се споменат и *констатациите на Европската комисија* во однос на напредокот на Република Македонија во областа на слободното движење на работниците. Така, во работниот документ Извештај за напредокот на Република Македонија за 2018 изработен од страна на Европската комисија, а кој се однесува на Поглавјето 2 - *Слободното движење на работниците* е констатирано дека подготовките во областа на слободата на движењето на работниците сѐ уште се во рана фаза и дека немало напредок во извештајниот период. Во наредната година, дадени се насоки земјата да продолжи да ја прилагодува правната рамка во согласност со регулативата на Европската Унија за пристап до пазарот на трудот, особено во поглед на недискриминација врз основа на националност кон работниците од Европската Унија и да почне да презема чекори за координирање на системите за социјално осигурување за да идентификува кои административни мерки ќе треба да се воведат во подготовка за идното пристапување. Што се однесува до пристапот до пазарот на трудот, констатирано е дека вработувањето на странски работници е регулирано со закон и дека тековната институционална поставеност им овозможува на странските работници да добијат единствена дозвола по поднесување на една апликација до еден орган.“[18]

Може да се заклучи не само од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, туку и од анализата на законодвството и административните практики во Република Македонија дека во областа на слободата на движењето на работната сила има уште многу да се работи, како на регулаторен, така и на оперативен план.

---

[17] Влада на РМ, Секретарјат за европски прашања, *Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија Ревизија 2017-2019,* Скопје, јануари 2017, стр. 55.

[18] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf

**Заклучок**

Работната миграција, посебно онаа во Европа зависи од демографскиот дефицит на земјите кои се дестинации за мигрантите. Слободното движење на работниците е од централно значење за Европската Унија и во економска и во општествена смисла.

Земјите на Европската Унија се соочуваат со феноменот на „стареење на населението“, а некои земји-членки веќе се соочуваат со кусоци на работна сила во одредени сектори, кои не можат да бидат пополнети од националниот пазар на труд. Европската комисија истакнува дека во однос на економската миграција сегашната ситуација на пазарите на трудот во Европската Унија може општо да се опише како сценарио на ппотреба“.[19]

На Република Македонија и претстои долг пат и многу работа на ова поле, а показател за ова е фактот што во *Извештајот на Европската комисија* во однос на напредокот на Македонија за 2018 година во областа на слободното движење на работниците е констатирано дека подготовките во областа на слободата на движењето на работниците сѐ уште се во рана фаза и дека нема напредок во извештајниот период.

**Користена литература**


International Labour Organisation (ILO), *International labour migration - A rights based approach,* Geneva, International Labour Office, 2010

Влада на РМ, Секретарјат за европски прашања, *Национална програма за усвојување на правото на Европската Унија Ревизија 2017-2019,* Скопје, јануари 2017,

Влада на РМ, Секретаријат за европски прашања www.sep.gov.mk

д-р Беличанец, Т. и д-р Старова, Г. *Трудово право*, Правен факултет – Скопје, 1996

д-р Лубарда, Б., Европско радно право проф., ЦИД Подгорица, 2004

д-р Мајхошев, А. и д-р Беловски, В. *Трудово право-Авторизирани предавања,* Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2012,

д-р Сотироски, Љ. *Вовед во правото на Европската Унија*, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2011

Европска Социјална Повелба, 1996, Стразбург

Европска Комисија, Извештај за Република Македонија 2018 https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20180417-the-former-yugoslav-republic-of-macedonia-report.pdf

Европски агол, Историјат на Европска Унија http://evropskikutak.me/evropska-unija/istorijat-eu

*Закон за ратификација на Спогодбата за асоцијација и стабилизација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки*, Службен весник на РМ, бр. 28/2001

Законодавство на Европската Унија, План за политики за законска миграција http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52005DC0669

Крег, П. и Де Бурка, Г. *Право на ЕУ-текствови, случаи и материјали*, Магор , Скопје, 2010


[19] http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52005DC0669

Министерство за надворешни работи, Патување во шенген зоната http://www.mfa.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=214:patuvanje-vo-sengen-zona&catid=48:informacii-za-viza&Itemid=431&lang=mk

Обединети нации,Популациони предизвици и развојни цели http://www.un.org/esa/population/publications/pop_challenges/Population_Challenges.pdf

Совет на Европа, Европска социјална повелба - ревидирана, Салзбург, 1996, https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168047e017

*Спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за олеснување на издавањето визи*, ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата, Службен весник на РМ бр. 141/2007

*Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица кои престојуваат без дозвола*, склучена во Брисел на 18 септември 2007 година, ратификувана со Закон за ратификација на Спогодбата, Службен весник на РМ, бр. 141/2007